АКАДЕМИК ПЕТАР ХАЏИБОШКОВ

# Проектот нема врска со времето во кое живееме

Академик Петар Хаџибошков, кој бил во групата академици што биле повикани да ја ревидираат работата на скулпторите околу проектот на Владата за спомениците во центарот на Скопје, ни рече дека откако погледнале дел од работите во поодмината фаза, на 10 мај имале состанок во МАНУ со премиерот Никола Груевски, министерката за култура Елизабета Канческа - Милевска и со градоначалникот на Општина Центар Владимир Тодоровиќ.

Тој ни рече оти писмено на сите им дал свое мислење напишано во 6 точки:



1 Спомениците, генерално, не се решаваат со современ пристап. Не се во корелација со времето во кое живееме. Тие се во анахроно реалистичен манир на 18-19 век.

2 Идејата за поставување на спомениците е во завршна фаза и од етички причини кон комисијата која ги одбрала и авторите, не е во ред наша интервенција ниту мислење.

3 Проектот има кампањски карактер и временски период на решавање.

4 Овој проект не им ја овозможува на неколку идни генерации да реализираат свои дела во центарот на градот.

5 Целосно не ја поддржувам оваа идеја и реализација.

6 Околу проектот не е вклучена ниту стручната ниту пошироката јавност.